

Фондацијата Фридрих Еберт во соработка со Локалната агенција за развој – Струга и “Une, gruaja - Pogradec" организираат серија на работилници со млади луѓе од Македонија и Албанија.



Фондацијата Фридрих Еберт во соработка со Локалната агенција за развој – Струга и “Une, gruaja - Pogradec" организираат серија на работилници со млади луѓе од Македонија и Албанија.

Ученици од средното училиште "Д-р Ибраим Темо" од Струга, како и од средните училишта "Muharrem Collaku", "Gjergj Pekmezi" и "14 Engjejt" од Поградец учествуваат на

работилниците во Струга и Поградец со фокус на подигање на самосвеста, критичко размислување и способност за решавање на проблеми.



Со помош на искусни инструктори, младите лесно доаѓаат до одговори на прашањата: Кој сум јас и што можам да направам? Кои се моите лични, фамилијарни и социјални вредности? Како комуницирам со другите луѓе? Што прави средината за мене? Кои се моите цели? Како да донесам правилна одлука? Кои се стереотипите и родовите улоги? Како да се справам со предрасуди? Како се решаваат конфликтни ситуации? Учениците можат да ги употребат своите знаења за да влијаат позитивно и да промовираат една едукативна средина, која се темели на почит.


04.06.2012

[illegible]